**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-138/**

# З А П И С Н И К

**Од 132-ра седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 12.01.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ (присутен во функција член на комисија),Ајтен Власаку Мехмети-Директор на МРА (како претедател на комисија).

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната сосотојба во државата, 132-ра седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 131-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по жалби од Интерни огласи со (бр.01/2020,02/2020,03/2020,05/2020,08/2020,13/2020,24/2020 и 25/2020).

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 131-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 131-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 131-ва седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 131-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и одлучување по жалби од Интерни огласи со (бр.01/2020,02/2020,03/2020,08/2020,13/2020,24/2020 и 25/2020).**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и посочи дека приговорите ќе се читаат секој поединечно по ред по огласите почнувајќи со огласот бр.01/2020.
Членот на советот Ристе Панов пред да се премине на секој приговор поединечно разгледување, објасни пред присутните за законската поставеност, за тоа какви одлуки треба да се донесат и дека како тело треба да се оценува дали е запазена правната процедура, роковите и условите од конкурсот предвидени во Правилникот за вработување,унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП МРТ и другите правни норми ,а притоа не треба да навлегува во изборот и одлучувањето на комисијата и директорот, затоа што тоа е нивна надлежност.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац предложи а од членовте на советот беше прифатено да се започне со разгледување и одлучување по приговорите поединечно:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.01/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по сите три приговори од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-5204/11 на кандидатот Каролина Петковска** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5204/11 на кандидатот Каролина Петковска како неоснован.

■По расправата **Приговорот со бр.04-5204/10 на кандидатот Горан Милковски** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5204/10 на кандидатот Горан Милковски како неоснован.

■По расправата **Приговорот со бр.04-5204/12 на кандидатот Орце Гелевски** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5204/12 на кандидатот Орце Гелевски како неоснован.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.02/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите од жалбата од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.04-5205/7 на кандидатот Биљана Георгиевска** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно ја одби** Жалбата со бр.04-5205/7 на кандидатот Биљана Георгиевска како неоснована.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.03/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по еден приговор од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-5206/12 на кандидатот Каролина Петковска** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5206/12 на кандидатот Каролина Петковска како неоснован.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.05/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по еден приговор од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-93/1 на кандидатот Катерина Топалова Дејановска** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**1** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го уважи** Приговорот со бр.04-93/1 на кандидатот Катерина Топалова Дејановска.

Бидејќи Снежана Клинчарова единствена гласаше против да се усвои приговорот на кандидатката Катерина Топалова Дејановска го даде следното образложение:
Прво,Програмскиот совет на МРТ по разгледувањето на сите документи кои се поврзани со огласот за унапредување констатираше дека е запазена законската процедура во постапката и дека директорот на ЈРП МРТ постапил законски во однос на неговото одлучување како надлежен орган, повикувајќи се на чл.5 став 15 од Правилникот за вработување,за не вршење на избор.
Второ,Катерина Топалова Дејановска (која објективно го заслужува унапредувањето) во својата жалба бара само информација за случувањата околу нејзиното унапредување, но не и поништување на одлуката на директорот.
Трето,Програмскиот совет не најде правен основ за поништување на одлуката на директорот, ниту му овозможува правен основ за да ја преиначи одлуката. Затоа останувам на ставот дека конкурсот треба повторно да се објави.

Ристе Панов даде образложение дека Одлуката за не вршење на избор по спроведен интерен оглас на Директорот на ЈРП-МРТ, каде меѓу другите можни причини кажа и дека нема јасно образложение и не се наведени причините за нејзиното донесување , што е и основна забелешка на жалителот Катерина Топалова Дејановска, односно само е цитиран правниот основ, со што се коси со законски утврдените начела на транспарентност во постапката. Исто така смета дека е запазена законската процедура во постапката и дека директорот на ЈРП МРТ постапил законски во однос на неговото одлучување како надлежен орган.

Беше предложен Заклучок со кој Програмскиот совет на МРТ го задолжува на Директорот на МРТ да достави Информација во која ќе биде утврдено зошто не е постапено согласно член 5 став 15 од Правилникот за вработување,унапреување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП МРТ,односно зошто не е потпишана Одлуката во законскиот рок.
Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.08/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по еден приговор од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-5211/7 на кандидатот Дијана Ценевска** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5211/7 на кандидатот Дијана Ценевска како неоснован.

Снежана Клинчарова изрази жалење што многу квалитетни кадри во МТВ покрај Маја Стојанова кој секако заслужува да биде унапредена како што одлучила комисијата,што и новинари од примерот Дијана Ценевска,Сузана Фиданска,Марија Котевска и Андријана Атанасовска не може со овој Интерен оглас да бидат унапредени, и треба по итно да се најде начин да се објави оглас и да се добие согласност за овие новинари да добијат унапредување.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.13/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по една жалба од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи

■По расправата **Жалбата со бр.04-5216/8 на кандидатот Бесник Шабани** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно ја одби** Жалбата со бр.04-5216/8 на кандидатот Бесник Шабани како неоснована.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.24/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по една жалба од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Жалбата со бр.13-113/1 на кандидатот Зубејда Ахмед** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно ја отфрли** Жалбата со бр.13-113/1 на кандидатот Зубејда Ахмед како ненавремена.

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БР.25/2020:

Од страна на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по два приговори од овој Интерен оглас, ги сослуша членовите на Комисијата за избор и одлучи:

■По расправата **Приговорот со бр.04-5228/10 на кандидатот Милош Цветкоски** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**12** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **едногласно го одби** Приговорот со бр.04-5228/10 на кандидатот Милош Цветкоски како неоснован.

■По расправата **Приговорот со бр.04-5228/11 на кандидатот Љубомир Бојковски** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **0** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**8** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**4** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ **го одби** Приговорот со бр.04-5228/11 на кандидатот Љубомир Бојковски како неоснован.

Во врска со Приговорот од Љубомир Бојковски за конфликт на интерси дека избраниот кандидат Јошко Бошковски пуштал музика на програмите на МРА од неговите дела како автор, за да може да наплати хонорари од ЗАМП за себе,Програмскиот совет го задолжи Директорот на МРА Ајтен Власаку Мехмети (присутна на седницата), да изготви и да достави барање до ЗАМП за просек на дневни емитувања на авторски дела, на авторот Јошко Бошковски вработен во МРТ на програмите на Македонското радио за 2017,2018 и 2019 година и истите да ги достави до советот.
Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Анита Латифи предложи Заклучок: Менаџментот на МРТ да посвети поголемо внимание и во иднина вработените во МРТ соодветно да се унапредуваат и распоредат на работните места во сгласност со работните задачите што ги извршуваат.
Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разно.**
По оваа точка на барање на членот Златко Јанковски беше побарано повторно да се известат членовите на Надзорниот одбор на МРТ да ги достават во рок од 7 (седум) дена до Програмскиот совет на МРТ-Изјавите за неспоивост на функции, согласно членот 127 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател